# Закон за дополнување на Законот за судовите

**Член 1**

Во Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број 58/2006, 35/2008 и 150/10), во членот 32 став (1) по алинејата 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:
„- кривични дела извршени од полициски службеник, овластено службено лице за безбедност и контраразузнавање со полициски овластувања, припадници на финансиска полиција, со закон овластени лица на Царинската управа кои работат на откривање на кривични дела и овластени службени лица на Министерството за одбрана кои работат на откривање и истражување на кривични дела или припадници на затворската полиција, при вршење на службено дејствие или за кривично дело извршено вон службата со употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба што за последица има смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување и казнување доколку со закон е предвидено кривично гонење по службена должност,“.

**Член 2**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.